# С о о п ш т е н и е

**Понеделник, 10 март 2014 (среда),** Координациско тело на регулаторните институции во Македонија за финансиска едукација во соработка со Македонската берза АД Скопје, Ве поканува на Одбележување на **Глобалната недела на пари (Global Money Week).** Преку симболично означување на тргувањето со удирање на звоното во Македонската берза од страна на најдобриот ученик во Средното Економско-правно училиште „Васил Антевски - Дрен од Скопје ќе започне Глобалната недела на пари во нашата земја.

Пред присутните ученици во Македонската берза, обраќање ќе имаат:

**Иван Штериев, Главен извршен директор на Македонска берза АД Скопје;**
**М-р Димитар Богов, Гувернер на Народната банка на Република Македонија;**
**М-р Зоран Ставрески, Заменик на Претседателот на Владата и министер за финансии.**

**Настанот ќе се одржи на 10 март, 2014 година во просториите на Македонската берза АД Скопје со почеток во 10 часот и 45 минути.**

На учениците во Македонската берза ќе им се овозможи да тргуваат на Виртуелната берза, а оној кој по еден месец тргување ќе постигне најдобар резултат ќе добие награда-бесплатна обука за принципите на пазарите на капитал.

Овој настан е дел од активностите што Координациското тело за финансиска едукација во кое членуваат: Народната банка на Република Македонија, Министерството за финансии, Агенцијата за супервизија на осигурување, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија ги презема како дел од светската недела на пари, која пак е во организација на Меѓународната организација за финансиска едукација на деца и млади (Child and Youth finance international.) Оваа година се одржува од 10 до 17 март, а учество ќе земат околу 2 милиони деца од над 100 земји во светот. Сите тие ќе се вклучат во активностите кои ќе бидат организирани од над 500 институции и организации.

**Претставниците на медиумите се поканети да известуваат од настанот.**

**Македонска берза АД Скопје**